АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 16. 11. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5666 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 10 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Анализирани се прилози со вкупно времетраење од 3 часа 21 минута и 49 секунди. Предмет на анализа останува централното дневно-информативно издание на ТВ Шења од 18 часот и 55 минути. Во десетдневниот период, од 1 до 10 ноември, анализирани се исто толку изданија на централните вести.

Целокупното време на анализираните прилози се однесува на претежно информативните жанрови - вест, вест во низа, извештај, извештај со коментар, изјави (Табела 1).

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| ТВ Шења | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Беса | 00:10:19 | 5,11 | % |
| Судство | 00:02:59 | 1,48 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:57 | 0,97 | % |
| Други субјекти | 00:23:36 | 11,69 | % |
| СДСМ | 00:09:00 | 4,46 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:05:43 | 2,83 | % |
| Граѓански сектор | 00:09:31 | 4,72 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:09:05 | 4,50 | % |
| Влада на РМ | 00:09:53 | 4,90 | % |
| Без субјекти | 00:48:58 | 24,26 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:18:27 | 9,14 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:43 | 0,36 | % |
| ДИК и други органи | 00:13:07 | 6,50 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:13:27 | 6,66 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:11:24 | 5,65 | % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:01:01 | 0,50 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:46 | 0,38 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:28 | 0,73 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:42 | 0,35 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:42 | 0,35 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:42 | 0,35 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:30 | 0,25 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:18 | 1,64 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:40 | 0,83 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:32 | 0,26 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:32 | 0,26 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:24 | 0,20 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:23 | 0,69 | % |
| **Вкупно:** | **03:21:49** | 100 | % |

Со застапеност од речиси една четвртина (24.26%) во вкупното време на анализираните прилози, во овој, седми по ред, извештаен период доминираат субјектите кодирани како „Без субјекти". И во претходните извештајни периоди беа речиси секогаш меѓу првозастапените, но овој пат нивната застапеност, временски и процентуално е најголема. Заедно со уште следните два субјекта „Други субјекти" и ДУИ, зафаќаат речиси половина од времето на прилозите што се предмет на методолошка анализа.

Од вкупно 3 часа и безмалку 10 минути прилози анализирани во вестите на ТВ Шења, 49 минути се однесуваат на субјектите коишто се класифицираат во категоријата „Без субјекти". Заложбите на медиумот, изнесени и во извештаите од претходните набљудувачки периоди, да информира за проблемите (инфраструктурни, социјални, здравствени) со коишто се соочуваат обичните граѓани во секојдневниот живот, но и да поттикне решавање на тие проблеми, продолжуваат и во овој извештаен период. Со отстапеното

време во овој десетдневен период за оваа категорија субјекти, тие интенции на медиумот се потврдуваат. Три настани за коишто информира Телевизијата и две репортажи со социјална тематика со цел да им се помогне на две скопски семејства, може да се рече се главните причини за одвоеното време. Врнежите што го зафатија скопскиот регион и поплавите во некои населени места (Сингелиќ, Рашче), беше еден од настаните за коишто информираше медиумот. При посетата на тие места и пренесувањето на состојбата од теренот, главни соговорници во прилозите беа засегнатите жители. Вториот настан, што придонесува за застапеноста на категоријата „Без субјекти", беше информирањето за можното насилство врз двегодишно дете од страна на воспитувачките од градинката „Фидани", за којшто медиумот информираше во низа, при што редовно беше пренесуван ставот на родителот на детето, којшто и го обелодени настанот. Третиот настан е поврзан со неколкуте судски процеси („Дива населба", „Монструм"), при што беа изнесени ставовите на роднини на обвинетите лица во знак на протест поради третманот кон нивните најблиски. Граѓаните беа главни соговорници и во следниве прилози: за високата цена на огревното дрво, непостоечки гласачи во Избирачкиот список, инфраструктурни проблеми на жителите од с.Брњарце, ладни училници во неколку училишта поради долгот на општина Чаир кон Топлификација-север, проблемот со дивите депонии во главниот град и др.

Со застапеност од околу 24 минути (11.69%) следуваат субјектите кодирани како „Други субјекти". Во овој извештаен период, оваа категорија ја сочинуваат: адвокати, комбинат Југохром, Народна банка на РМ, Народен правобранител, Топлификација Скопје-север, универзитетски професори, Утрински весник, менаџмент на МПМ итн.

Како третозастапен субјект, со време од нешто повеќе од 18 минути (9.14%) се јавува политичката партија ДУИ, што не беше случај во изминатиот период - некој политички субјект да биде меѓу првите најзастапени во вестите на ТВ Шења. Станува пред сѐ збор за информации од партиски активности коишто, со наближувањето на изборите, кај дел од политичките субјекти се зголемени. Медиумот информираше за партиските настани на ДУИ во село Матејче, од активностите на Форумот на жени на ДУИ во Тетово, заложбите на ДУИ за економска еднаквост на Албанците во Македонија, официјалното објавување на листите со кандидати за пратеници. Партијата беше споменувана и за неа се говореше, заедно со повеќе други субјекти, во прилозите за партиските подготовки и калкулирања со листите со кандидати за пратеници, бројот на вработени Албанци во Државниот завод за статистика, средбата на партиските лидери со европратеничката Фајон, партиските честитки до Трамп по неговата победа на изборите во САД, прилогот за револтот на семејствата од обвинетите во случајот „Монструм" кон лидерот на ДУИ, Али Ахмети и др. Во дел од овие прилози присутен е извесен критички став кон ДУИ и нејзиниот лидер, но нема негативен тон и дополнително негативно врамување на субјектот во тие прилози.

Телевизијата извести за активностите на уште 12 други политички субјекти. Пренесени се ставовите по одредени прашања, посредно или непосредно (со отстапен простор за директно обраќање), на следниве субјекти, подредени според временската застапеност: СДСМ, ВМРО ДПМНЕ, Демократски сојуз, ДПА, ГРОМ, НДП, ДПА-ДР, ВМРО НП, Обединети за Македонија, Достоинство, Коалиција Унитети, ДПА-ДР и НДП на В.Мемеди, Либерално-демократска партија.

*Табела 2: Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Шења | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Беса | 00:03:17 | 7,92 | % |
| СДСМ | 00:02:40 | 6,44 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:42 | 6,52 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:46 | 6,68 | % |
| Други субјекти | 00:06:59 | 16,85 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:51 | 6,88 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:06:21 | 15,33 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:07:13 | 17,42 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:27 | 5,91 | % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:00:19 | 0,76 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:26 | 1,05 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:31 | 1,25 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:19 | 0,76 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:19 | 0,76 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:14 | 0,56 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:10 | 2,82 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:25 | 1,01 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:27 | 1,09 | % |
| | **Вкупно: 00:41:26** | 100 | % |

Три субјекти имаат двоцифрена процентуална застапеност кај директните обраќања - „Експерти/аналитичари", „Други субјекти" и политичката партија ДУИ.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Дебатни емисии</u>*

Во седмиот извештаен период (од 1 до 10 ноември) се емитувани пет премиерни дебати, сите во рамки на емисијата „Арена", и вкупно седум репризни емитувања на изданијата од емисијата.

Првото дебатно соочување е емитувано на 2 ноември, кога гостуваа претставникот на СДСМ Едмонд Адеми и претставникот на партијата НДП (крилото на Ф.Зендели) Бинас Пајазити. Разговараа за актуелната политичка состојба, за претстојните избори и за нивните листи со кандидати за пратеници. Емисијата е два пати репризирана, на 3 и на 5 ноември.

Наредниот ден, на 3 ноември, во емисијата „Арена" гости беа политичкиот аналитичар Алберт Хани и универзитетскиот професор Илбер Села. Дискутираа за актуелно-политички теми – претстојните избори и кампањите на политичките партии. Ова издание на емисијата е репризирано три пати, на 4, 6 и 7 ноември.

Следната дебатна емисија беше емитувана на 8 ноември, посветена на партиските собири во очи на изборите и околу говорите и пораките што се испраќаат на тие собири. Во студиото на ТВ Шења гостуваа новинарот Насер Селмани и претставникот на политичката партија ГРОМ Виктор Грозданов. Наредниот ден, емисијата е репризирана.

Четвртото издание на дебатната емисија е емитувано на 9 ноември и беше посветена на изборите во САД и победата на Доналд Трамп. Гостуваа поранешните амбасадори Ристо Никовски и Алајдин Демири и претседателот на Евроатлантскиот совет на Македонија Исмет Рамадани. Репризата е на 10 ноември.

Последното дебатно издание на „Арена" е од 10 ноември, кога гостуваа Џабир Дерала од невладината организација „Цивил" и новинарот Арбен Зеќири. Темите на разговор, како и во најголем дел од другите дебатни изданија, беа поврзани со претстојните избори и листите со кандидати за пратеници.

*<u>Интервјуа</u>*

Емитувано е едно интервју, реализирано во рамки на емисијата „Арена" на 1 ноември, кога гостуваше Арбен Лабуништа, поранешен член на ДУИ, којшто сега настапува како претставник на партијата

Беса. Се разговараше за причините за неговото преминување во Беса, очекувањата од претстојните избори, состојбите во Македонија. Интервјуто е три пати репризирано - на 2, 5 и 6 ноември.

*Друга информативна програма*

Емитувано е едно премиерно издание на информативната емисија „Неделно ретро" (Retro javore), на 6 ноември и четири реприи, две на изданието на емисијата од 6 ноември и две на последната емисија емитувана во рамки на претходниот извештаен период. Емисијата прави пресек на најважните неделни случувања.

Случајот „Маџар Телеком" беше предмет на интерес на емисијата „Траги" емитувана на 4 ноември. Репризата на оваа емисија беше емитувана наредниот ден.

***Сектор за програмски работи***